# JLR-BOB/SCCHVR40

**MK**

Упатство за употреба
**Адаптер за мерење висок напон**






STODIA

**Stodia GmbH**
**Im Freitagsmoor 45**
**D-38518 Gifhorn**
**Телефон +49 (0) 5373 – 92197-10**
**Факс +49 (0) 5373 – 92197-88**
**info@stodia.de**
**www.stodia.de**

# JLR-BOB HVR40

# Адаптер за мерење висок напон

## Содржина

1 Општи информации ........ 2
1.1 Напомени за упатството ........ 2
1.2 Легенда – Пиктограми ........ 2
1.3 Ознаки на адаптерот за мерење ........ 3
2 Техника ........ 4
2.1 Начин на работа ........ 4
2.2 Безбедносни упатства ........ 4
2.3. Одржување и поправка ........ 4
3 Технички цртеж ........ 5
4 Приклучување на SCC на BOB за самотестирање ........ 5
5 Гаранција ........ 6
6 Чување на адаптерот за мерење ........ 6
7 Технички податоци ........ 6
8 Чистење и деконтаминација ........ 6

# 1 Општи информации

## 1.1 Напомени за упатството

**Врвна технологија**
**Овој адаптер за мерење е во согласност со актуелната состојба на техниката. За безбедно функционирање на уредот е потребно професионално ракување според сигурносните стандарди.**

**Прочитајте го упатството за употреба**
**Пред употребата на адаптерот за мерење, внимателно прочитајте го упатството за употреба. Треба да се прдржувате до него во сите случаи.**

**Ракување**
**Сите работи неопходни за исправно работење се опишани во упатството за употреба и во референтните документи.**
**Уредот не смее да се користи на ниеден друг начин што не е одобрен изречно од производителот.**
**Доколку уредот не се користи според упатството за употреба, може да дојде до оштетувања на**
**обезбедената заштита.**

**Општи упатства**
**Тестирањето, монтажата и пуштањето во работа може да го врши само персонал кој бил обучен кај произведувачот. Кога ќе се појават дефекти, може да се отстранат само тие за кои се наведени соодветни постапки за одржување во документите за обука.**

## 1.2 Легенда – Пиктограми

**Придржувајте се до сите упатства и сигурносни правила**

**Поединечни делови во ова упатство се означени со меѓународно познати знаци за предупредување, напомени за опасност и општи знаци за забрана.**

**За одредени пиктограми се дадени појаснувања во продолжение.**


**Следете ги упатствата за работа**


**Висок напон! Внимание, опасно по живот!**


**Почитувајте ги општите напомени**


**Предупредување за опасен електричен напон**


**Забранетo за лица со пејсмејкери**


**Ве молиме обрнете внимание на следново!**

## 1.3 Ознаки на адаптерот за мерење



**CE-ознака**




**Ознака за опасност**



**Да не се фрла во домашен отпад**



**Висок напон! Внимание, опасно по живот!**



**Максимален дозволен напон**



**Опасност од струен удар**



**Двојна или армирана изолација**



**Прочитајте ги упатствата за употреба пред користење**



**Црна точка**

Serial No: 000001

**Сериски број на сертификатот за квалитет**



**Заштита**



**Предупредување**

Type: Break-out Box JLR-415-060-02
Type No: EN7587

**Ознака на тип**

## 2 Техника



### 2.1 Начин на работа

**Адаптерот за мерење висок напон JLR-BOB HVR40 е уред за мерење на безнапонската состојба на високонапонскиот систем на возилото и мерење на отпорноста и отпорноста на изолацијата.**
**Адаптерот за мерење смеат да го користат само квалификувани лица.**

### 2.2 Безбедносни упатства

**Адаптерот за мерење JLR-BOB HVR40 е предвиден само за проверка на отпорност и напон. Алатот може да се користи само во цели кои не претставуваат ризик за човекот или за машината. Адаптерот за мерење JLR-BOB HVR40 се користи само како што е опишано во упатството за употреба! За секоја измена на адаптерот за мерење или неговите форми на употреба, одговорност презема операторот.**
**Проверете дали адаптерот за мерење е во беспрекорна состојба и дали се во ред сите функции за безбедна употреба.**



**Придржувајте се до важечките прописи за спречување незгоди во одредени земји.**
**Носете лична заштитна опрема!**
**Никогаш не фрлајте го адаптерот за мерење JLR-BOB HVR40 или не дозволувајте да паѓа. Адаптерот за мерење JLR-BOB HVR40 никогаш не користете го за други намени и не дозволувајте да го користи неквалификуван персонал!**
**Имајте предвид дека адаптерот за мерење JLR-BOB HVR40 се користи во работна средина каде што нема извори на топлина (макс. 40°C/77°F), корозивни течности, масла и масти.**
**Адаптерот за мерење JLR-BOB HVR40 не смее никогаш да се користи во средини каде што има опасност од експлозија**



**Имајте предвид дека адаптерот за мерење JLR-BOB HVR40 стои на нелизгава површина и дека уредот не може да биде оштетен. Користете само алати и додатоци кои не се истрошени и не се оштетени.**
**Користењето алат или прибор со оштетувања може да доведе до сериозни повреди!**

### 2.3. Одржување и поправка



**Производителот не презема одговорност за штета предизвикана од нестручни поправки или користење неоригинални резервни делови.**
**Несоодветната употреба на адаптерот за мерење што може да доведе до оштетувања на уредот не е опфатена со гаранцијата.**
**Кога не сте сигурни, секогаш обраќајте се во професионално обучена компанија или во фирмата Stodia.**
**Соодветната адреса за контакт можете да ја најдете во ова упатство.**



**Во случај на видливи оштетувања, компонентите мора да бидат заменети.
Оштетените делови
можат да предизвикаат сериозни повреди!
Проверете дали споевите и врските имаат оштетувања.
Одржувањето и поправките треба да ги врши само овластен и специјализиран персонал кој поминал соодветна обука во компанијата Stodia.
За додатни информации во врска со услугите за одржување и обука, обратете се во нашиот сервис на адресата:**

**Stodia GmbH
Im Freitagsmoor 45
D-38518 Gifhorn
Германија**

## 3 Технички цртеж




## 4 Приклучување на SCC на BOB за самотестирање



## 5 Гаранција

**За адаптерот за мерење од фирмата Stodia се дава гаранција во времетраење од 24 месеци за дефекти кои настанале поради грешки во материјалот или производството. Гарантниот рок почнува од датумот на испорака кој е повтрден на фактура или испратница.
Адаптерот за мерење се набавува од овластен дилер и се користи во согласност со спецификациите.
Гаранцијата не важи доколку адаптерот за мерење се користел за други цели спротивно на предвидениот начин на употреба.
Гаранцијата пропаѓа доколку адаптерот за мерење не се користел во согласност со упатството за употреба.
Во случај на дефект или грешка, Stodia ќе ги поправи или замени само деловите со дефект по сопствен наод.**

**Адреса на сервисот:
Stodia GmbH
Im Freitagsmoor 45
D-38518 Gifhorn
Германија**

## 6 Чување на адаптерот за мерење

**Адаптерот за мерење се чува во куферот предвиден за складирање.**

## 7 Технички податоци

**Приклучоци – штекери за мерење: CAT I 1.000V
CAT II 600V
CAT III 300V
Категоријата на мерење во комбинацијата на додатокот за мерење и додатокот е во согласност со најниската вредност од категориите за мерење на додатоците за мерење и додатоците.
Максимален напон на мерење: 1mA
Употреба во затворени простории.
Адаптерот за мерење висок напон JLR-BOB HVR40 може да се користи до 4000 метри надморска височина.
Адаптерот за мерење висок напон JLR-BOB HVR40 се користи на температура до 40°C.
Адаптерот за мерење висок напон JLR-BOB HVR40 е специфициран за релативна влажност макс. 25 ° 10 до 80%.
Адаптерот за мерење висок напон JLR-BOB HVR40 е специфициран за складирање во опсег од -20 до 55°C и релативна влажност од 10 до 80%.**

## 8 Чистење и деконтаминација

**Чистењето и деконтаминацијата може да се вршат само со сува крпа.**

**Stodia GmbH**
**Im Freitagsmoor 45**
**D-38518 Gifhorn**
**Телефон +49 (0) 5373 – 92197-10**
**Факс +49 (0) 5373 – 92197-88**
**info@stodia.de**
**www.stodia.de**